**Формулар за СОЖС за Урбанистички проект за пречистителна станица**

| **Податоци за органот кој го изработува планскиот документ** | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за намена Е1.6. – Канализациски инфраструктури: пречистителна станица, на КП бр. 295, дел од КП бр. 458/2, дел од КП бр. 457, дел од КП бр. 456/1 и КП бр. 456/2, КП бр. 458/1, КО Нов Дојран вонград, Општина Дојран |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Општина Дојран |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Општина Дојран |

| **Податоци за изработувачот на планскиот документ** | |
|---|---|
| Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за намена Е1.6. – Канализациски инфраструктури: пречистителна станица, на КП бр. 295, дел од КП бр. 458/2, дел од КП бр. 457, дел од КП бр. 456/1 и КП бр. 456/2, КП бр. 458/1, КО Нов Дојран вонград, Општина Дојран.<br>Проектот е изготвен од страна на ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ БИТОЛА. | |
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Сашко Иванов диа<br>Натали Ташевска Гулевска диа<br>Стефанија Иванов Гата миа<br>Андријан Иванов миа |
| **Назив на работното место** | Раководител на експертскиот тим и раководител на проектот<br>Дипломиран инженер архитект |
| **Контакт податоци за лицето** | ivanoveng@t-home.mk |

| **Основни податоци за планскиот документ** |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Урбанистичкиот проект вон опфат на Урбанистички план за намена Е1.6. – Канализациски инфраструктури: пречистителна станица, на КП бр. 295, дел од КП бр. 458/2, дел од КП бр. 457, дел од КП бр. 456/1 и КП бр. 456/2, КП бр. 458/1, КО Нов Дојран вонград, Општина Дојран, е изработен врз основа на член 58, став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ, бр. 2/20) и член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ, бр. 225/20, 219/21 и 104/22). |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| **ДА** ☒<br>**НЕ** ☐ |

| |
|---|
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Локацијата од проектниот опфат на урбанистичкиот проект до сега не била предмет на урбанизација. Издадени се Услови за планирање на просторот со намена канализациски инфраструктури: пречистителна станица во КО Нов Дојран – вон град, Општина Дојран, со тех. бр. Y57822, кои содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички Прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот. Површината на планскиот опфат за кој се однесуваат Условите за планирање на просторот и воопшто просторот за кој е изработен Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за намена Е1.6. – Канализациски инфраструктури: пречистителна станица, на КП бр. 295, дел од КП бр. 458/2, дел од КП бр. 457, дел од КП бр. 456/1 и КП бр. 456/2, КП бр. 458/1, КО Нов Дојран вонград, Општина Дојран изнесува 2,3 ha. |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Согласно Член 65, став 2 од Законот за животната средина, стратегиска оцена се спроведува на плански документи кои се подготвуваат во разни области, каде меѓу другите области е наведено дека СОЖС е потребно да се изработи за сите плански документи кои се однесуваат на просторното и урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето и со кои се создава основа за изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието врз животната средина.<br><br>Конкретно, Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план е со намена Е1.6. – Канализациски инфраструктури: пречистителна станица, кој што може да се разгледува и во делот на областа на управување со отпад и управување со води. |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ДА** ☒<br>**НЕ** ☐ | Член: 3 | Точка:<br>11. Управување со водите | Алинеја:<br>1. управување, третман, заштита на водите и речните сливови |

| |
|---|
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| **Изградбата на нова пречистителна станица за отпадни води е проект за кој се предвидува ОВЖС.**<br><br>Согласно Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл. Весник на РМ, бр. 74/05, 109/09, 164/12, 202/16) и (Сл. Весник на РСМ, бр. 175/22), проектот - Изградба на пречистителна станица за отпадни води во населено место Нов Дојран припаѓа во Прилог II – Проекти за кои се утврдува потребата од спроведување на постапка за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина, точка 2 – Пречистителни станици за отпадни води со капацитет на еквивалент под 10.000 жители.<br><br>Согласно Уредбата за изменување на Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина (Сл. Весник на РМ, бр. 36/12), планираниот проект спаѓа во Прилог 1, X – Управување со отпад и дејности за санација на околината, точка 2 – Пречистителни станици за отпадни води со капацитет на еквивалент под 10.000 жители. |

| |
|---|
| Општина Дојран поднесе известување за намера за проектот: Изградба на пречистителна станица за отпадни води во населено место Нов Дојран до Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. По разгледување на истото, добиено е мислење со кое инвеститорот (Општина Дојран) се задолжува да изработи елаборат за животна средина за проектот Изградба на пречистителна станица за отпадни води во населено место Нов Дојран, Општина Дојран и истиот да го достави до Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање за негово разгледување и одобрување.<br><br>Капацитетот на новата ПСОВ за Нов Дојран е 6000 ЕЖ.<br><br>Со основниот проект се предвидува изградба на нова МББР-БНБ пречистителна станица за 6000 ЕЖ (Moving Bed Biofilm Reactor), со два модула од по 3000 ЕЖ кои ќе се изградат во две фази и ќе работат независно еден од друг, од кои во туристичка сезона ќе бидат активни двата модула, а само еден модул ќе биде активен вон туристичка сезона. |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| **ДА.** Планскиот документ се однесува на проект кој ќе се спроведува на територијата на општина Дојран, населено место Нов Дојран.<br><br>Површината на планскиот опфат за кој се однесуваат Условите за планирање на просторот и воопшто просторот за кој е изработен Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за намена Е1.6. – Канализациски инфраструктури: пречистителна станица, на КП бр. 295, дел од КП бр. 458/2, дел од КП бр. 457, дел од КП бр. 456/1 и КП бр. 456/2, КП бр. 458/1, КО Нов Дојран вонград, Општина Дојран изнесува 2,3 ha. |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Изработката на Урбанистички проект вон плански опфат има за цел:<br><br>-Усогласување на Урбанистичкиот проект вон плански опфат со Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ;<br><br>-Дефинирање на единици на градежно земјиште за просторна дистрибуција на планираните намени и дефинирање на плански услови за организација, уредување, изградба, развој и користење на земјиштето и градбите застапени со планираните основни намени;<br><br>-Дефинирање на сообраќајна инфраструктура - улична мрежа и пристапи до единиците на градежно земјиште формирани во рамките на проектниот опфат;<br><br>-Оптимално дефинирање на мрежи и објекти од комуналната инфраструктура;<br><br>За единиците на градежно земјиште формирани во рамките на проектниот опфат да се дефинираат услови за: заштита и унапредување на животната средина, заштита и спасување, заштита од пожари, воени разурнувања и природни катастрофи, урбано зеленило и озеленетост, како и други услови кои произлегуваат од специфичноста и карактеристиките на просторот на единиците на градежно земјиште.<br><br>Во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ, број 225/20, 219/21, 104/22), во рамки на проектниот опфат се планира следната поединечна намена:<br><br>Е1.6 – Канализациски инфраструктури: пречистителна станица со потребните комплементарни намени:<br>Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури<br>Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија<br>Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани<br>Д2.2 – Зелени тампон зони помеѓу некомпатибилни наменски зони |

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Управување со води

Соодветен третман на комунални отпадни води од населеното место Нов Дојран преку изградба на ПСОВ со капацитет од 6.000 ЕЖ, заштита и унапредување на квалитетот на вода во езерото и биодиверзитетот.

Планирање на просторот и користење на земјиштето

Во рамки на проектниот опфат се планира поединечна намена: Е1.6 – Канализациски инфраструктури: пречистителна станица со потребните комплементарни намени, Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури, Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија, Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и Д2.2 – Зелени тампон зони помеѓу некомпатибилни наменски зони

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2023 година

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

Не е предвидено ревидирање.

**Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Локацијата на новата пречистителна станица е веднаш до постоечката, на дел од парцела КП бр. 295, дел од КП бр. 458/2, дел од КП бр. 457, дел од КП бр. 456/1 и КП бр. 456/2, КП бр. 458/1 КО Нов Дојран вонград, Општина Дојран, КО Нов Дојран вонград, а се простира на површина од околу 2720 m$^2$.




Слика: Местоположба на планираната ПСОВ, КО Нов Дојран вонград

| |
|---|
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| **ДА** ☒<br>**НЕ** ☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| **ДА** ☐<br>**НЕ** ☒<br>Изработката на Урбанистички проект вон плански опфат има за цел:<br>-Усогласување на Урбанистичкиот проект вон плански опфат со Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ;<br>-Дефинирање на единици на градежно земјиште за просторна дистрибуција на планираните намени и дефинирање на плански услови за организација, уредување, изградба, развој и користење на земјиштето и градбите застапени со планираните основни намени;<br>-Дефинирање на сообраќајна инфраструктура - улична мрежа и пристапи до единиците на градежно земјиште формирани во рамките на проектниот опфат;<br>-Оптимално дефинирање на мрежи и објекти од комуналната инфраструктура;<br>За единиците на градежно земјиште формирани во рамките на проектниот опфат да се дефинираат услови за: заштита и унапредување на животната средина, заштита и спасување, заштита од пожари, воени разурнувања и природни катастрофи, урбано зеленило и озеленетост, како и други услови кои произлегуваат од специфичноста и карактеристиките на просторот на единиците на градежно земјиште.<br>Во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ, број 225/20, 219/21, 104/22), во рамки на проектниот опфат се планира следната поединечна намена:<br>Е1.6 – Канализациски инфраструктури: пречистителна станица со потребните комплементарни намени<br>Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури<br>Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија<br>Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани<br>Д2.2 – Зелени тампон зони помеѓу некомпатибилни наменски зони |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина (Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** |
| Во периодот на изградба на пречистителната станица за отпадни води, КО Нов Дојран вон град, Општина Дојран, земјаните активности ќе бидат главен извор на негативно влијание врз животната средина. Во оваа фаза се вклучени следните активности:<br>- Подготвителни активности: расчистување на локацијата, отстранување на вегетацијата и подготовка на тлото<br>- Градежни активности: земјани работи, како што се: усеци, насипи, ископи или набивање на замјиштето и др. и истите се однесуваат на сите елементи во изведба |

<table>
<tr><td colspan="2">Во периодот на изградба на пречистителната станица за отпадни води, обемот на влијанијата врз животната средина зависи од организација на градилиштето, видот на употребената опрема, потрошувачката ва вода и енергија, и тн.<br><br>Во текот на оперативната фаза или експлоатационият период, редовните активности и активностите кои се превземаат во интервентни случаи (инспекција, поправки, замена на делови и сл.) би можеле да имаат незначително негативно влијание врз животната средина.<br><br>Времените објекти (кампови) кои би служеле како место во кое ќе претстојуваат работниците во периодот на извршување и спроведување на активностите, исто така претставуваат потенцијален извор на загадување на животната средина.<br><br>Реализацијата на проектите и мерките предложени во Планот ќе придонесат кон подобрување на квалитетот на водата во езерото и намалување на загадувањето.<br><br>Детална проценка на влијанијата врз животната средина и здравјето на луѓето е направена во елаборатот за заштита на животната средина за изградба на пречистителна станица за отпадни води за населено место Нов Дојран, општина Дојран.</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата</td><td>Активностите во фаза на изградба на пречистителната станица за отпадни води за населено место Нов Дојран, ќе резултираат со негативни влијанија врз медиумите и областите на животната средина (квалитет на воздух (прашина), бучава, генерирање на отпад и сл).<br><br>За време на фазата на изградба, влијанијата се краткотрајни, временски ограничени и локализирани. Веројатноста за повторување на истите влијанија е мала и скоро невозможна.<br><br>Во фаза на експлоатација, со правилно одржување и контрола, не се очекуваат негативни влијанија.</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Имплементацијата на активностите предвидени во Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за намена Е1.6 – Канализациски инфраструктури: пречистителна станица со потребните комплементарни намени: Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури, Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија, Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и Д2.2 – Зелени тампон зони помеѓу некомпатибилни наменски зони, ќе предизвика позитивни влијанија врз квалитетот на водата и намалување на загадувањето на водата во Дојранското Езеро.<br><br>Потенцијалните кумулативни влијанија би имале микролокациски карактер, ќе се однесуваат само на местата каде што ќе се изведуваат градежните активности, односно надвор од населеното место Нов Дојран, индивидуалните објекти за домување се на околу 400 метри од проектната локација, па поради тоа може да се оценат како незначителни.</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата</td><td>Со имплементација на наведените инфраструктурни проекти и решенија засновани на природата, не се очекуваат негативни влијанија во прекуграничен контекст.<br><br>Со оглед на тоа што Дојранското Езеро се простира на територијата на РС. Македонија и Р. Грција, позитивни влијанија може да се очекуваат во смисла на заштита на водите во Дојранското Езеро и подобрување на нивниот квалитет.</td></tr>
</table>

<table>
<tr>
<td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td>
<td>Ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина се можни при хаварии, односно при оштетувања на системот за третман на отпадни води.<br><br>Хаварии може да настанат поради природни непогоди како што се поплави, пожари, земјотреси, но и поради човечка грешка во градежните активности или оперативната фаза, како што се: истекување на масла, масти и опасни хемикалии поради неправилно ракување со материи, предизвикување намерен или случаен дефект на системот и опремата, создавање на искри и пожари и сл.<br><br>Се препорачува сите можни ризици да бидат детално предвидени на ниво на основен проект или друга соодветна техничка документација и да бидат утврдени мерки за намалување на тие ризици, а изведувачот да се придржува кон истите.</td>
</tr>
<tr>
<td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).</td>
<td>Мерките односно активностите кои се предвидени ќе се спроведуваат на територијата на општина Дојран, КО Нов Дојран вонград.<br><br>Општина Дојран опфаќа површина од 132 $km^2$, од кои 42 $km^2$ се зафатени од страна на Дојранското Езеро. Согласно податоците во 2021 година во Општина Дојран има 3.084 жители, со густина на населеност 24/$km^2$<br><br>Општина Дојран се наоѓа во крајниот југо-источен дел на државата, а веднаш до границата со соседна Грција и на север граничи со општина Валандово, а на запад со општина Богданци.<br><br>Општината брои 13 населени места: Стар Дојран, Сретеново, Нов Дојран, Николиќ, Црничани, Фурка, Ѓопчели, Органџали, Куртамзали, Севендекли, Дурутли и Џумабос (Чаушли е ненаселено).<br><br>Површината на планскиот опфат за кој е изработен Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за намена Е1.6. – Канализациски инфраструктури: пречистителна станица, на КП бр. 295, дел од КП бр. 458/2, дел од КП бр. 457, дел од КП бр. 456/1 и КП бр. 456/2, КП бр. 458/1, КО Нов Дојран вонград, Општина Дојран изнесува 2,3 ha.</td>
</tr>
<tr>
<td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td>
</tr>
<tr>
<td colspan="2">Инфраструктурните проекти сами по себе, (изградба на нова ПСОВ) и пропратни содржини (пристапен пат, фотоволтаични панели) ќе имаат негативни влијанија во фазата на изградба, но на долгорочен план очекувани се позитивни влијанија врз квалитетот на водата и биодиверзитетот во Дојранското Езеро, како и подобрување на квалитетот на животот на населението.<br><br>Имплементацијата на одредени инфраструктурни проекти може да предизвика и негативни социо-економски влијанија доколку има потреба од експропријација на приватен имот за изградба на ПСОВ и потребната инфраструктура, несоодветен надомест, ограничување на просторот за движење и сл.</td>
</tr>
<tr>
<td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:</td>
</tr>
<tr>
<td colspan="2">Законот за прогласување на споменик на природата – Дојранското Езеро предвидува управување со заштитеното подрачје, кое е во надлежност на општината, односно градоначалникот на Општина</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Дојран, кој е должен да го почитува утврдениот режим на заштита и да превзема превентивни и други заштитни мерки со кои се обезбедува заштита и зачувување на езерото во природната состојба.<br><br>Веќе подолг временски период водите на Дојранското Езеро имаат лош еколошки статус. Последните истражувања покажале дека Николичка Река, постоечката пречистителна станица за отпадни води „Топлец" и хидро-системот претставуваат едни од најголемите извори на хранливи материи (фосфотни и азотни соединенија) за езерото кои пак се заслужни за влошување на квалитетот на водата во езерото.<br><br>Поради тоа изградбата на нова ПСОВ е повеќе од неопходна, која што ќе има позитивен ефект врз подобрување на квалиетот на водата во Дојранското Езеро и зачувување на биодиверзитетот. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство:** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, на просторот кој е предмет на изградба на пречистителна станица, КО Нов Дојран вон град, Општина Дојран, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Во близина на локацијата се наоѓа заштитен споменик на природата Дојранско Езеро.<br><br>Дојранското Езеро е препознаено како значајно подрачје на птици (миграторни и презимни) во глобални и европски рамки.<br><br>Дојранското Езеро се наоѓа на македонска листа на значајни подрачја за растителниот свет (2004 год.)<br><br>Дојранското Езеро е номинирано за Емералд Подрачје, во Емералд мрежата на значајни подрачја за заштита во ЕУ (2004 год.) со официјално име "Дојранско Езеро" и површина од 2.696 ha.<br><br>Дојранското Езеро е прогласено за Рамсарско подрачје во 2007 година, под името "Dojran Lake", со површина од 2.696 ha, како значајно водно живеалиште од меѓународна важност, особено за водните птици.<br><br>Дојранското Езеро е идентификувано како Natura 2000 подрачје, согласно ЕУ Директивите за птици и живеалишта<br><br>Дојранското Езеро е прогласено за Значајно подрачје за птици од страна на BirdLife International во 2008 година, под име "Lake Prespa" со IBA код MK010, на површина од 2.691 ha, врз основа на присуството на "trigger" видови на птици<br><br>Дојранското Езеро е вклучено во Балканскиот зелен појас (Balkan Green Belt), што претставува иницијатива на Меѓународната унија за заштита на природата (IUCN) за воспоставување на еколошка мрежа во земјите од поранешниот источен блок.<br><br>Предметниот простор се наоѓа и во непосредна близина на територијата на подрачјето „Боска", коешто согласно Предлог-Репрезентативната мрежа на заштитени подрачја е предложено за заштита како подрачје значајно за зачувување/управување со одредени видови флора и фауна или заштита на пределските карактеристики. За овие подрачја не се предлага нивно прогласување во некоја од шесте категории на заштита, туку соодветни мерки за заштита на видовите. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности:** | При изведување на земјено-градежни активности за изградба на нова ПСОВ со пропратни содржини, во фазата на изградба се очекуваат значителни негативни влијанија (емисии на прашина, издувни гасови и др. загадувачки материи, создавање на отпад, зголемување на нивото на бучава и сл). Овие влијанија ќе бидат краткотрајни за времетраење на градежните активности и |

| | |
|---|---|
| | локализирани (локацијата се наоѓа надвор од населено место). Проектните активности нема да имаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето.<br><br>Во оперативната фаза не се очекуваат влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето, освен во случај на хаварија и дефекти.<br><br>На долгорочен план ќе бидат воочливи позитивните влијанија врз квалитетот на водата во езерото, биодиверзитетот и здравјето на луѓето. |
| **Интензивна употреба на земјиштето:** | Покрај КП бр. 295 каде ќе биде изградена постројката за третман на отпадни води се зафаќаат и делови од КП бр. 458/2, дел од КП бр. 457, дел од КП бр. 456/1 и КП бр. 456/2, КП бр. 458/1 на кои е изградена постоечката ПСОВ „Топлец“ и кои согласно урбанистичкиот проект се предвидени за пропратните содржини, односно за патна инфраструктура, инфраструктура за пренос на електрична енергија, соларни и фотоволтаични панели и зелени тампон зони.<br><br>Парцелите кои се предвидени за изградба на новата ПСОВ, не се изградени (освен постоечката ПСОВ) и согласно имотниот лист во најголем дел се класифицирани како ниви и други плодни земјишта. Овие парцели не се користат за земјоделски и други цели. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја:** | Реализацијата на планираната ПСОВ не се очекува да предизвика негативни влијанија врз областите или пејзажните карактеристики, поради тоа што веднаш до новата пречистителна станица е старата ПСОВ која не е во функција.<br><br>Пределските карактеристи нема да се влошат дополнително. |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** |
| Со помош на Урбанистичкиот проект вон опфат на Урбанистички план за намена Е1.6. – Канализациски инфраструктури: пречистителна станица, на КП бр. 295, дел од КП бр. 458/2, дел од КП бр. 457, дел од КП бр. 456/1 и КП бр. 456/2, КП бр. 458/1, КО Нов Дојран вонград, Општина Дојран во рамките на проектниот опфат ќе се дефинираат услови за: заштита и унапредување на животната средина, заштита и спасување, заштита од пожари, воени разурнувања и природни катастрофи, урбано зеленило и озеленетост, како и други услови кои произлегуваат од специфичноста и карактеристиките на просторот на единиците на градежно земјиште.<br><br>Пред да се започне со имплементација, дополнително се анализира техничката документација на ниво на основен проект преку изработка на Елаборат за заштита на животна средина. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):** |
| Урбанистичкиот проект вон опфат на Урбанистички план за намена Е1.6. – Канализациски инфраструктури: пречистителна станица ќе се реализира вон населеното место Нов Дојран. Парцелите од кои ќе се зафатат делови за изградба на новата ПСОВ, не се изградени (освен |

постоечката ПСОВ) и согласно имотниот лист во најголем дел се класифицирани како ниви и други плодни земјишта. Овие парцели не се користат за земјоделски и други цели.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**

Реализацијата на Урбанистичкиот проект вон опфат на Урбанистички план за намена Е1.6. – Канализациски инфраструктури: пречистителна станица ќе биде во функција на развој на комуналните дејности и согласно определбите на Просторниот план на РС Македонија, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да се базира на одржливост на економијата применувајќи ја законската регулатива од областа на заштита на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната средина.

Една од основните цели на заштита на животната средина и планирање на мерки за заштита на животната средина е онаму каде нема да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.

Изградбата на пречистителна станица за отпадни води со пропратните содржини во фаза на изградба ќе има краткотрајни негативни влијанија врз животната средина, но во оперативната фаза и на долгорочен план ќе резултираат со позитивни влијанија, односно подобрување на квалитетот на водата во езерото и состојбата со биодиверзитетот.

Поставувањето на фотоволтаични панели за добивање на електрична енергија, ќе ја обезбедат потребната електрична енергија потребна за нормално и континуирано работење на новата ПСОВ. Ова е уште еден придонес кон одржливост на проектот и намалување на влијанијата врз животната средина.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)?**

Реални проблеми со кои се соочува Дојранското Езеро се:

— Низок процент на приклученост кон канализационата мрежа, постоење на септички јами и недостатокот на колекторски систем во с. Николич се голема закана која значително го загадува заштитеното подрачје

— Староста на канализационите цевки и неодговорното однесување на корисниците на канализационата мрежа (исфрлање на кабасти и штетни предмети и супстанци) доведува до чести прелевања на отпадните води во езерото

— Најголема закана за заштитеното подрачје претставува самата Пречистителна станица „Топлец“, која поради недоволниот третман на отпадните води (секундарен третман) е извор на хранливи материи (фосфати и нитрати) кои завршуваат во езерото и се главна причина за негативната појава на „воден цвет“ (обилно развивање на алги).

Со изградба на новата пречистителната станица за отпадни води и ставање во функција, состојбата со квалитетот на водата во Дојранското Езеро ќе се подобри.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги**

| | |
|---|---|
| **разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br><br>Урбанистичкиот проект вон опфат на Урбанистички план за намена Е1.6. – Канализациски инфраструктури: пречистителна станица е во корелација со следните плански документи:<br><br>— Стратегија за водите на Република Македонија (2011-2041 година)<br><br>— Стратегија за животна средина и климатски промени 2014 - 2020<br><br>— Национална стратегија за заштита на природата (2017 – 2027)<br><br>— Национална стратегија за биолошка разновидност со акционен план (2020-2050)<br><br>— Национална стратегија за одржлив развој на РМ 2009 – 2030 | |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.** | |
| ПСОВ „Топлец" е изградена во 1988 година, во време кога не потенцијалните влијанија врз животната средина не биле предмет на разгледување.<br><br>Во минатиот период изработена е Физибилити студијата за подобрување на системот за пречистување на отпадните води во Нов Дојран, Општина Дојран финансирана од страна на Канцеларијата на Организацијата на Обединети Нации во Република Северна Македонија и има за цел да придонесе во процесот на имплементација на европските стандарди за заштита на животната средина, односно максимално дозволените концентрации на загадувачи во отпадните води кои се испуштаат во реципиентите. | |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).** | |
| Општина Дојран поднесе известување за намера за проектот: Изградба на пречистителна станица за отпадни води во населено место Нов Дојран до Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. По разгледување на истото, добиено е мислење со кое инвеститорот (Општина Дојран) се задолжува да изработи елаборат за животна средина за проектот Изградба на пречистителна станица за отпадни води во населено место Нов Дојран, Општина Дојран и истиот да го достави до Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање за негово разгледување и одобрување.<br><br>**Општина Дојран е во процес на изработка на елаборат за заштита на животната средина за проект Пречистителна станица за отпадни води за населено место Нов Дојран во кој детално се обработени влијанија врз животната средина (медиумите и областите) и здравјето на луѓето и се дефинирани мерки за намалување на влијанијата врз животната средина.** | |
| **ИЗЈАВА** | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи** | **Анго Ангов**<br><br>**Градоначалник на општина Дојран** |

| | |
|---|---|
| **планскиот документ во име на органот** | |
| **Датум, 05.07.2023**<br>**Место, Дојран** | **М.П.** Ango Angov Digitally signed by Ango Angov<br>DN: C=MK, OU=VAT - 4006005118487, OID.2.5.4.97=NTRMK-6000568, O="OPSTINA DOJRAN ", SERIALNUMBER=164993, T="ovlasteno lice ", SN=Angov, G=Ango, CN=Ango Angov<br>Reason: I am the author of this document<br>Location: your signing location here<br>Date: 2023.07.10 08:57:50+02'00'<br>Foxit Reader Version: 10.1.1 |